Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 09-227/18
28.03 2023 год.
ЗРНОВЦИ

A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

Друштво за заштита на авторски права
АВТОРСКА АГЕНЦИЈА СПИД ПЛУС ДООЕЛ
Бр. 04-140/1
31.03. 2023 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
за јавна набавка

Склучен на ден: 28 .03.2023 год., помеѓу:

**1. Општина Зрновци**, ул„Илинденска„бб 2305 Зрновци , застапувана од Градоначалникот Борчо Коцев, во натамошниот текст-Набавувач и
2. ДЗАП **Авторска Агенција СПИД ПЛУС ДООЕЛ** Скопје,ул„Даме Груев„ бр.5-7/17 1000 Скопје, застапувано од Управителот Даниел Милосов , во натамошниот текст-Носител на набавката.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

**Предмет на овој Договор е: -** *"Ангажирање на авторска агенција за потребите на Зрновци преку која ќе се реализира исплатата на договорите на дело, авторските договори и други договори со кои е определен надоместок за извршената работа согласно Законот за авторското право и сродните права и други услуги од авторска агенција за период од една година,* врз основа на спроведената Постапка за Набавка од мала вредност со објавување на оглас бр.03908/2023 .

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вкупниот износ на набавката е добиен по пат на спроведена е-аукција и изнесува вкупно = 1,92 % (по завршена е-аукција) ,без пресметан ДДВ.
Цената се однесува на понудениот процент на провизија од износот на бруто надоместокот, согласно авторскиот или друг вид договор. Под бруто износ се подразбира збир на нето авторски хонорар и персонален данок.
Економскиот оператор во Образецот на понуда ја внесува цената како % (процент) на висината на провизијата од износот на бруто авторскиот или друг вид надоместок за извршена работа.

Во Буџетот на општината за овој вид на набавка се предвидени средства во **вкупен износ до 400.000,00** денари (двеста илјади денари) без пресметан ДДВ.
Набавката ќе биде сукцесивна за услуги според потреба на Набавувачот.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Договорот се склучува во времетраење од една година , сметано од денот на потпишување на договорот.

## ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

**Член 4**

Набавката е сукцесивна , за услуги по потреба на Набавувачот во период од една година .

**Носителот на набавката е должен да ги изврши услугите предмет на договорот сукцесивно по потреба на договорниот орган , согласно законските прописи .**

- По исплатата на средствата од страна на договорниот орган, авторската агенција ќе изврши исплата на авторите во рок не подолг од 3 (три) дена.

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го испорача по претходно поединечно барање согласно потребите на договорниот орган.

- Агенцијата е должна при секоја исплата да му издаде на авторот/обврзникот примерок од пресметката за аконтацијата на данокот. Агенцијата е должна по истекот на годината најдоцна до **30 април** наредната година да му издаде на авторот/обврзникот збирен податок за вкупно платената аконтација, односно писмено известување за приходите остварени од договорниот орган во текот на претходната календарска година, по видови и тоа:

1. висината на бруто износ на приход,
2. вкупен износ на одбитоци и
3. вкупен износ на платени аконтации за персонален данок.

По завршување на периодот на важност на договорот, Носителот на набавката изготвува извештај за извршените исплати.

## ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Во случај на доцнење со достава на предметната набавка, од страна на Носителот на набавката, Набавувачот има право на надомест на штета и договорна казна-пенали во висина од 0,1% дневно, од вредноста на Договорот.

Во случај на примена на ставот 1 од член 5, Носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на набавувачот.

Набавувачот не може да бара договорна казна поради задоцнување, ако го примил исполнувањето на обврската, а не му соопштил на Носителот на набавката дека го задржува своето право на договорна казна.

Доколку Носителот на набавката доцни со исполнување на обврската, покрај правото на надомест на штета и договорна казна-пенали, Набавувачот има право еднострано да го раскине Договорот и да склучи Договор со следниот рангиран понудувач.

## ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРА

**Член 6**

При изготвување на фактурата Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

-Назив на Набавувачот, место, седиште, даночен број
-Број и датум на Договорот, по кој се извршува работата
-Количини со опис на стоките и услугите, дефинирани по елементи од Спецификацијата, предмет на набавката
-Единечни договорни цени на секој елемент на набавката
-Вкупни цени по елементи
-Вкупна цена на фактурата
-Пресметка на ДДВ и Валута на плаќање

## НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 7**

Набавувачот се обврзува плаќањето на извршената услуга да го врши во рок од 30 (триесет) дена по доставување на фактура и испратница (уредно потпишана од Набавувачот и Носителот на набавката) за извршена услуга.

Фактурата ќе се достави до Нарачателот во примерен рок по извршена услуга, уредно потпишана од Нарачателот и Носителот на набавката.

Плаќање ќе се врши исклучиво за стоки и услуги кои се нарачани и добиени (извршени).

За извршената услуга авторската агенција доставува фактура која задолжително ги содржи следните елементи:

1. Нето авторски надоместок
2. Бруто авторски надоместок
3. Даночно ослободување – процентуално и во апсолутен износ
4. Персонален данок – процентуално и во апсолутен износ
5. Агенциска провизија – процентуално и во апсолутен износ
6. Данок на додадена вредност – процентуално и во апсолутен износ
7. Вкупно за исплата
8. Рок на плаќање 30 (триесет) денови.

- дел од задолжителните елементи може да се содржани и во пресметка која би се доставила во прилог на фактурата.
- Доколку агенцијата доставува фактури и пресметки кои не ги содржат задолжителните елементи истите ќе се сметаат за невалидни и ќе бидат вратени на агенцијата, а договорот за јавна набавка ќе биде раскинат.
- По исплатата на средствата од страна на договорниот орган, авторската агенција ќе поднесе електронска пресметка за приход и данок (е-ПДД) и ќе изврши исплата на авторите во рок не подолг од 3 (три) дена. Доколку исплатата до крајниот корисник не може да се изврши, агенцијата е должна во рок од 3 (три) денови писмено да го извести договорниот орган и да побара корекции на податоците за исплата. Доколку исплатата не може да се реализира, средствата се враќаат на договорниот орган во рок од 5 (пет) дена од примената уплата, а за вратениот износ се доставува и книжно одобрение.

**Член 8**

Набавувачот е должен доколку открие определени недостатоци на примената услуга, веднаш или најдоцна во рок од 8 (осум) дена да го извести Носителот на набавката.Во спротивно Носителот на набавката нема да одговара за недостатоците.

**ВИША СИЛА**

**Член 9**

Набавувачот и Носителот на набавката се согласни ниту една договорна странка да не поднесува одговорност-губиток, доколку се работи за губиток предизвикан од виша сила, согласно утврдените случаи на виша сила со Законот за Облигациони односи.

**ОШТЕТУВАЊЕ**

**Член 10**

Носителот на набавката е должен на Набавувачот да му ја надомести штетата предизвикана поради неисправност или недостатоци на предметната набавка, согласно Законот за Облигациони односи и Законот за заштита на потрошувачите.

**РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**

**Член 11**

Сите евентуално настанати спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој договор,првенствено договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку не постои добро расположение за решавање на спорот, во рок од 10 дена истиот ќе биде препратен на решавање преку арбитражна комисија која ја сочинуваат 3 лица.

Комисијата ја сочинуваат по едно избрано лице од страна на набавувачот, едно лице од Носителот на набавката, а третиот член го избираат двете договорни страни од редот на Арбитражниот суд на Стопанска комора на Република Северна Македонија.

Доколку и арбитражната комисија не предложи обострано прифатливо решение спорот ќе се решава преку Основниот суд во Кочани.

**РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 12**

Кога едната договорна страна не ги исполни обврските од овој Договор другата договорна страна може да го раскине Договорот, со достава на известување до другата договорна страна со наведување на причините за раскинувањето.

**КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ**

**Член 13**

Договорните страни се согласни да ги применуваат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на Договорот.

**ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН**

**Член 14**

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи на Република Северна Македонија.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 15**

Измени и дополнувања на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат, исклучиво со Анекс Договор кој одговара на одредбите на Законот за јавни набавки и Тендерската документација.

**Член 16**

Овој Договор е склучен во 4 (четири) истоветни примероци од кои 2 (два) за Набавувачот и 2 (два) за Добавувачот.

| | |
|---|---|
| **НАБАВУВАЧ,** | **НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА,** |
| Општина Зрновци | СПИД ПЛУС ДООЕЛ |
| Борчо Коцев | Даниел Милосов |
| ______________ | ______________ |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ЗРНОВЦИ ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

Друштво за заштита на авторски права * АВТОРСКА АГЕНЦИЈА СПИД ПЛУС ДООЕЛ * СКОПЈЕ *

Прилог:Понуда со Спецификација бр.______________ од --.--.2023 год.